# Медиум

весник за сите средношколци

Петок 28.09.2018 V; година бр. 40

www.medium.edu.mk


# „Деца се, ќе се смират“ не е одговор на врсничкото насилство






## „КАДЕ БЕВМЕ“

„СВИРЛОЖБА“ ВО „КАРЕВ“

стр. 4



## ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

КОЈ СУМ ЈАС? СРЕДНОШКОЛСКА АНКСИОЗНОСТ

стр. 5



## ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

МАТЕМАТИКА МОЖЕ ДА СЕ РЕШАВА И СО ЛЕСНОТИЈА И СТРАСТ

стр. 6


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Александра Теменугова, раководителка на проектот „Коалиција за медиумска писменост“ и уредничка на „Медиум“

# Ни фали вакцината медиумска писменост

На почетокот на осмата сезона од „Медиум“ ќе се осврнам на неколку поенти од неодамнешното истражување на Институтот за комуникациски студии (ИКС) за утврдување на „Навиките на корисниците на социјални мрежи во Македонија“. Најмладите испитаници беа со навршени 15 години и сместени во групата од 15 до 24 години, иако истражувањето опфати и испитаници од различни возрасти, до + 65 г. Целта беше да се утврди од каде се информираат, што најмногу читаат онлајн, дали имаат профил на социјалните мрежи, колку време поминуваат на истите, за што ги користат, кого следат, но исто така и како ги восприемаат вестите, односно дали проверуваат и бараат дополнителни информации.

И што прават нашите млади?

Најчесто се информираат онлајн (59,7%), иако телевизијата и натаму е доминантен медиум. Колку што расте возраста, толку повеќе расте и бројот на гледачи. Речиси 83% од младите пристапуваат на Интернет преку мобилен телефон или таблет. Младите најмногу го користат Интернетот за забава (50,9%).

Од сите испитаници (од 15 до над 65 г.) најмногу се користи Фејсбук (50,1%), а повеќе од една третина испитаници (36,9%) на оваа мрежа се поминуваат меѓу еден и три часа дневно, но скоро четвртина (27,85) се повеќе од три часа во денот. Младите се најприсутни на Инстаграм и на Снепчет. ИКС ги праша и кои јавни личности ги следат. Младите на возраст од 15 до 24 години најмногу следат пејачи/актери и други личности од забавната сфера (35,3%) и спортисти (27,6%). Интересно е што на прашањето: „Важно ми е мислењето кое го споделуваат јавните личности кои ги следам на социјалните медиуми“, дури 71% од младите изјавиле дека се согласуваат со оваа изјава. Кога ќе прочитаат некоја вест на социјалните медиуми, 38,1% од сите испитаници понекогаш бараат дополнителни информации во други медиумски извори, додека една четвртина од испитаниците (26,3%) ретко бараат дополнителни извори. Скоро една третина од испитаниците (29,6%) кога ќе прочитаат некоја вест онлајн, само понекогаш проверуваат кој е изворот на веста, додека повеќе од една четвртина (26,1%) секогаш го проверуваат изворот на веста. Последните бројки се сериозен индикатор за нивото на самосвесност на публиката и капацитетите за проверка на прочитаното, без разлика дали информациите доаѓаат од медиумите или од креаторите на јавно мислење. Истражувањето ни проектираше слика за младата, речиси беспоговорна лојална публика на возраст од 15 до 24 год. која безрезервно им верува на естрадните ликови. Ова уште еднаш покажува дека медиумската писменост е најсилната „вакцина“ за критичка публика.

# Осум средношколски тима освоија грантови за иновации и развој

Осум средни училишта во Македонија, кои учествуваа на јавниот повик „Предизвик на млади истражувачи“ добија грантови од Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) за да ги реализираат своите проекти. Како добитници се запишаа седум училишта, од кои едно доби два гранта за проекти во различни области. Сумите кои ги добија тимовите средношколци со нивните ментори за реализација на проектите се движат од околу 170.000 денари (околу 2.800 евра) до речиси 300.000 денари (околу 5.000 евра).

Четири од наградените училишта добија грантови за проекти од областа на заштитата на животната средина.

ФИТР додели 171.805 денари на СОУУД „Димитар Влахов“ од Струмица за да го реализира проектот „Намалување на штетното влијание на јаглерод диоксидот со користење на еколошки филтер на издувните гасови кај автомобилите“. Приватното средно училиште „Саба“ - Скопје доби 289.000 денари за проектот „Систем за детекција на гасови во воздух во работни простории“. Времетраењето на овој проект е шест месеци и во него се вклучени пет ментори и дваjца ученици.

Најмногу пари, или 294.000 денари доби скопската гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ за својот проект „Гринер“ (засадување растенија во училницата што ќе служат како природни прочистувачи на воздухот).

Средното општинско училиште „Јосип Броз-Тито“ - Битола, за проектот „Присуство на тешки метали во почвата на потегот Битола - РЕК Битола“ освои грант од 287.500 денари. Проектот ќе биде реализиран со помош на осум члена. Грант од 254.000 денари доби скопското средно училиште „Георги Димитров“ за проектот „Изработка на дрон“.

Средното општинско техничко училиште во Битола „Ѓорѓи Наумов“ освои 250.000 денари за проектот „3Д-технологиите, предизвик за денешницата и неопходност за иднината“, кој ќе се реализира со помош на тројца ментори и тројца ученици. ЕТУЦ „Михајло Пупин“ Скопје ќе прави „Фотоволтаична централа“, со грант од 270.000 денари. ФИРТ додели и грант во областа иновации во земјоделството, СОУУД „Димитар Влахов“ од Струмица освои уште една награда со проектот „Индиго росе“ (Вид црн патлиџан кој се одгледува во регионот на Струмица). За овој проект тимот освои награда во вредност од 225.000 денари.

**Калина Трајкоска**
**Ученичка во гимназија**
**„Орце Николов“ Скопје**

# Програмери освоија сребро и бронза на олимпијада по информатика во Јапонија

Со еден сребрен и еден бронзен медал, македонскиот тим средношколци се вратија од 30-та по ред Интернационална олимпијада по информатика (ИОИ 2018), која од 1 до 8 септември се одржа во Цукуба, Јапонија.

Сребрениот медал го освои Владимир Максимовски, додека бронзениот Андреј Величковски. Од Македонија на олимпијадата учествуваа уште двајца средношколци, Мартин Динев и Филип Михов, а сите четворица беа предводени од лидерите Весна Димитриевска и Емил Станков од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Од Здружението на информатичари на Македонија велат дека она што го прави годинешното учество едно од најуспешните е што среброто на Максимовски е втор ваков медал во историјата на македонски учества на оваа олимпијада. На ИОИ 2018 учествуваа вкупно 335 ученици од 87 земји од целиот свет.

# Ученици од Битола со хакери од САД и од Шведска учествуваа на „Мјузик тек фестивал“



Во Битола за првпат се одржа фестивалот „Мјузик тек фестивал“. Станува збор за фестивал посветен на иновации каде што учествуваат хакери, иноватори, старт-ап инкубатори, претприемачи, како и музички ентузијасти од целиот свет. На настанот се развиваат нови софтверски и технолошки идеи, концепти и продукти и се планира нивна понатамошна имплементација во различни сфери како музика, забава, индустрија, социјално претприемништво итн. Фестивалот во Битола беше пандан на ист ваков во Стокхолм, Шведска, а двајца средношколци од битолската гимназија „Јосип Броз-Тито“, Андреј Антуновиќ и Андреј Мицков беа меѓу учесниците. Тие заедно со хакери од САД и од Шведска беа дел од таканаречен „Хакатон“, кој работеше на темата „Geographically Challenged Creativity – Remote Development Challenge“, односно соработка што совладува географски граници. Во развојот на нивниот проект „TuneIn“ учествуваа уште еден тим и стартап-компанија, со цел да ја развијат идејата понатаму и да му дадат можна иднина како производ сочинет од јавни инсталации низ светот. Целта на проектот е луѓето од различни земји да можат да компонираат музика заедно. Тимот победи благодарение на иновативната идеја, како и со нејзината успешна реализација без разлика на бариерата која ја претставуваше физичката раздалеченост.

Фестивалот „Мјузик тек фестивал“ првпат се одржа во Лондон во 2012 година. До оваа година, настанот се одржуваше исклучиво на една локација, а Битола влезе во историјата на фестивалот, бидејќи успеаја да одговорат на предизвикот и покрај тоа што учесниците беа од повеќе локации.

Инаку, на 8 и на 9 септември се организираше паралелен настан „Мјузик тек фестивал Македонија“, што резултираше со победнички тим и признание од организаторите на „Мјузик тек фестивал - Стокхолм“.

Настанот во Битола го поддржа и Фондот за иновации и технолошки развој, од каде што одржаа разни презентации, меѓу кои и за инвестиции во иновативни претпријатија.

**Андреј Антуновиќ,**
**СОУ „Јосип Броз-Тито“ - Битола**

Медиум

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ТЕМА НА МЕСЕЦОТ

# „Деца се, ќе се смират“ не е одговор на врсничкото насилство

*За да се справиме со меѓуврсничкото насилство кај тинејџерите, прво мора да се свестиме дека овој проблем реално постои, потоа секое училиште да си открие какви форми на врсничко насилство постојат низ ходниците и од кои побуди, а родителите и наставниците, пак, треба да градат доверба со децата за да тие се осмелат да пријават*







Од давање прекари, навредливи коментари, озборување и потсмевање до кражење или уништување на тетратки или опрема за физичко, пишување графити, избегнување и изолација на соученик, физичко насилство и малтретирање на социјалните мрежи е сето она што може да се смести во категоријата булинг или врсничко насилство.

И кон сето тоа, неопходно е сите фактори – родителите, децата, наставниците и институциите здружено да одговорат: „Доста е!“.

Доста е, бидејќи состојбата со врсничкото насилство во училиштата во Република Македонија е алармантна.

- Дека состојбата во училиштата во Р. Македонија е алармантна зборува големиот број наставници и ученици кои се жалат и постојано укажуваат на зголемениот број случаи на врсничко насилство во училиштата како и за потребата од актуализирање на овој проблем на пошироко општествено ниво. Загрижува и ескалацијата на насилното однесување во однос на зголемениот број случаи. Но и во однос на формите и степенот на насилство кој се изразува, како и употребата на технологиите за тоа насилство да се сними и дистрибуира, со што кругот на насилство дополнително се шири – вели Ана Битољану од првата детска амбасада во светот „Меѓаши“.

Алармантната состојба го вклучи алармот кај „Меѓаши“, па тие месецов започнаа кампања против меѓуврсничкото насилство наречена „Булинг – не во моето училиште!“. Маршот кој го организираа во Велес на Светскиот ден на мирот (21 септември) беше посветен токму на овој проблем.

Од Првата детска амбасада велат дека главната цел на кампањата е издигање на свеста за сериозноста на врсничкото насилство, но свесноста дека постои насилство и негово препознавање е само првиот чекор во справувањето со овој проблем.

- Постојано укажуваме дека е потребно препознавање, навремено и соодветно реагирање на различни случаи на врсничко насилство.

Врсничкото насилство вклучува широка палета на однесувања кои се повторуваат меѓу врсниците со намера да се навреди или повреди другиот и во справување со истото е потребно да се применуваат различни средства.

Но пред сѐ треба да пратиме јасна порака дека врсничкото насилство не е прифатливо и не смее да се третира како „деца се, се караат, па ќе се смират“ – вели Битољану.

Она што е потребно се долгорочни и соодветни стратегии кои градат училишта и општество нетолерантни на насилство.

Меѓутоа, за да се дојде до тоа, врсничкото насилство мора прво да се препознае, бидејќи формите во кои се јавува насилството се различни од училиште до училиште, исто како и корените и побудите за истото. Затоа, од „Меѓаши“, ги поттикнуваат училиштата од своите ученици да добијат информации кои видови насилство се позастапени во нивната средина за да се знае како да се дејствува понатаму.

Од Првата детска амбасада истакнуваат дека за училиштата да му се спротивстават на врсничкото насилство е потребна едукација на наставниот кадар, во школите каде што нема да се создадат протоколи како треба да се реагира за спречување на врсничкото насилство, оние училишта кои имаат развиено некаква стратегија, пак, истата да ја споделат.

- Наставниците во своите училишта, исто така, треба да разговараат и со колегите и со учениците на овие теми, да воспостават јасни протоколи и да проверат со учениците дали знаат како и каде да се обратат доколку се жртви или сведоци на насилство – вели Битољану.

Кога се во прашање родителите, од „Меѓаши“ ги советуваат да разговараат со своите деца за врсничкото насилство, да внимаваат на промените во нивното однесување и да градат однос на доверба за да може детето, ако е жртва на насилство, што побрзо и полесно да каже што му се случува.

„КАДЕ БЕВМЕ“

# Свирка, цртање во живо и драмски текстови во дворот на „Никола Карев“



„Свирложба VII“ - повторно одржана во гимназијата „Никола Карев“

Посебен, различен и на вистинско место. Вака ако ги прашате средношколците во скопската гимназија „Никола Карев“ ќе го опишат настанот кој самите го организираа во дворот на нивното училиште.

По само две недели од почетокот на новата учебна година, учениците на 14 септември си приредија дружење на репризата на „Свирложба VII“. Станува збор за средношколски настан од уметнички карактер кој вклучува свирка, изложба, цртање во живо, драмски текстови и перформанси.



Со своите музички, драмски и уметнички вештини, над дваесетина ученици приредија незаборавно и несекојдневно дружење.

Настанот започна со музички перформанси, а репертоарот беше исполнет со познати композиции од „Пинк Флојд“. Вториот дел, пак, беше посветен на драмата, во кој со драмски текстови настапија десетина средношколци. Паралелно со музичките и драмските настапи во задднината се одвиваше и уметничкиот дел, односно изложба која ги опфаќаше четирите основни елементи (земја, воздух, вода и оган).

Кога се во прашање елементите, токму темата на настанот беше „Петтиот елемент“, кој според Платон е искрата поради која добиваме желба да правиме нешто посебно и различно.

„Досетливиот Платон по долго размислување се обидел да ја објасни смислата на постоењето. Тој велел дека сè што постои е создадено од 4 елементи: земја, воздух, вода и оган. Размислувањата и уникатноста на Платон довеле до воведување на нов, петти елемент - етерот, кој според него ја претставувал душата на природата. Но што е етерот? Нешто што тешко може да се одговори, или воопшто не може? Штом основните четири елементи се материите, коишто се претвораат и реагираат едни со други, тогаш етерот е самиот простор во кој настануваат сите преобразби. Со оглед на ова може да земеме предвид дека етерот е суштината, основата и движечката сила на сè околу нас. Велиме дека тоа е искрата поради која добиваме желба да правиме што било и таа искра за секого е нешто различно и посебно“, наведуваат организаторите.

Со репризата на „Свирложба VII“ се заокружи крајот на уште една успешна иницијатива од страна на учениците, а која, како што велат тие, ќе остави белег во нивните сеќавања, како и желба за ново вакво дружење во блиска иднина. Иако, да се организира ваков настан навидум изгледа напорно и бара откажување од секојдневни навики, средношколците раскажуваат дека со задоволство се „даваат себеси“ за да стигнат до крајниот продукт, бидејќи низ целиот тој процес запознавањето и меѓусебното зближување се бесценети.

„Свирложба“ се одржува седум години по ред и преку овој настан, велат учениците, им се дава можност на еден креативен начин да си ги искажат размислувањата и ставовите на одредена тема.Со годинашниот настан кој се одржа во дворот на гимназијата „Никола Карев“ се одбележа и отворањето на новиот парк во училиштето наменет за средношколците.

*Сара Ташкоска и Невена Кимова, ученички во СУГС „Никола Карев“ - Скопје*

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# Кој сум јас?

*Средношколците велат дека често се исклучуваат од часовите и мислат на нешто сосема друго, нешто што ги мачи, но и дека професорите не им помагаат многу за да се справат со тие прашања. Наставниците, пак, според психолозите, често се само пасивни „предавачи“ и ја пропуштаат шансата да бидат активни поддржувачи во развојот на нивните ученици адолесценти.*



Како се чувствувам? Што треба да направам? Што е подобро? Зошто не ме забележува? Кој сум јас?

Ова се прашањата кои често ги „вадат“ средношколците од училишните клупи додека професорите пред нив зборуваат за „Пиреј“ на Петре М. Андреевски, за походот на Александар Велики кон Индија или додека на табла им се редат формули, дефиниции и бројки по математика и физика.

Присутното отсуство од часовите додека учениците се растргнати од сопствените чувства и мноштвото морални, образовни, културни и сексуални дилеми е онаа „другата страна“ на средношколскиот живот, неизоставен дел од периодот на адолесценција кога еден тинејџер е постојано во процес на себеспознавање.

Што значи адолесценцијата, што е значајно за овој процес, можат ли наставниците да им помогнат на учениците да го пребродат овој период, како образовниот систем може да произведе здрави личности се дел од прашањата на кои се обидовме да пронајдеме одговор разговарајќи со средношколците и со училишните психолози.

„Често“, „секој час“, „многу, многу често“, „ако не за време на цел час, сигурно на пола се исклучувам и мислам на нешто што ме мачи“ беа одговорите кои ги добивме од учениците кога ги прашавме колку често им се случува да се „исклучат“ од часовите и да размислуваат на нешто сосема друго.

- Во последниве неколку недели сѐ почесто си го поставувам прашањето: „Кој сум јас?“ и се чувствувам како да не се знам себеси или како да се губам – вели еден од учениците со кои разговаравме, а сакаше да остане анонимен.

Средношколците се наоѓаат во период на адолесценција, период кој е многу значаен за нивниот развој, објаснуваат психолозите, бидејќи тогаш ги развиваат своите ставови и вредности, размислуваат за она што сакаат да го постигнат во животот и како да ги реализираат своите потенцијали. Стануваа збор за постојан процес на себеспознавање и тежнеење да бидат прифатени од нивните врсници.

- Во овој период се зголемува самостојноста. Младата личност има потреба да се изрази себеси во околината, да се самопотврди низ разновидни активности, да се поврзе, да разменува и да експериментира со врсниците и околината. Од исклучително значење во овој период е да има искуство со преземање одговорност за своето однесување и за своите избори. На овој начин се градат и моралните вредности, естетските критериуми и интелектуалните потенцијали. Преку ова се освестува сопствениот идентитет и припадност во групата и заедницата - вели училишниот психолог во скопската гимназија „Орце Николов“, Ана Поприզова.

Таа нагласува дека неизоставен дел од животот на адолесцентите се и емотивниот и сексуалниот аспект, кои се манифестираат низ формирање на првите партнерски релации и искуствата на прифатеност или неприфатеност во истите, првите сексуални искуства и сл.

Меѓутоа, друго прашање е колку од овој аспект современото училиште и наставниот процес се по мера на средношколците.

Учениците, оние со кои разговаравме, сметаат дека професорите и воопшто училиштето не можат да им помогнат да се справат со прашањата што ги мачат, а не се однесуваат на наставните содржини.

Попризова, пак, истакнува дека современиот образовен систем генерално е насочен кон поттикнување на интелектуалните капацитети, преку инсистирање на стекнување знаења и вештини за професионален развој. Но според неа, наставните содржини во мала мера ги обработуваат главните прашања со кои се занимаваат адолесцентите, и токму затоа отсуствува реалната системска поддршка во училиштето.

- Исто така, наставниците имаат сиромашни познавања од особеностите на психолошкиот развој на адолесцентот и главно остануваат да бидат пасивни „предавачи“, со што ја пропуштаат шансата да бидат активни поддржувачи на адолесцентот во неговиот раст и развој. Лично сметам дека токму оваа благородна привилегија е нешто највредно во воспитно-образовниот процес. Сепак, има дел осетливи наставници кои се систем на поддршка за адолесцентот. Она на што може да се работи во иднина е едукација и поддршка на наставниците во развивање на нивната свесност за улогата на наставникот како модел на младите во процесот на личен раст и развој – вели психологот.

Кога се во прашање наставните содржини, пак, Попризова, нагласува дека, за жал, истите многу малку разработуваат прашања значајни за адолесцентите, а поврзани со нивниот личен развој и внатрешен свет. Предметот Психологија, вели таа, е единствен предмет кој во своите содржини разработува значајни теми за адолесцентите (личност, особини на личноста, емоции, темперамент, карактер, развој на личноста, психички процеси, мотивација и сл.).

- Меѓутоа, овој предмет го слушаат мал број ученици во гимназиското образование, бидејќи е изборен предмет. Учениците кои во иднина ќе бидат лекари, правници, информатичари, за жал, не го слушаат. Што се однесува до стручното образование, мислам дека состојбата е уште полоша – констатира нашата соговорничка.

Во една ваква ситуација, нејзиниот апел до одговорните лица е одново да ја разгледаат можноста предметот Психологија да се воведе како редовен во сите подрачја во гимназиското образование, како што и беше во минатото.

- Моја препорака до учениците е да ги отвораат јавно прашањата што ги мачат, бидејќи тие се универзални за сите млади и да си изградат своја мрежа на поддршка од врсници, наставници, родители на кои можат да им се обратат за разговор – вели Попризова.

Средношколците, пак, велат дека најмалку како би можеле професорите да им помогнат е да ги научат полесно да се прифатат меѓу себе.

- Би можеле да помогнат во врска со класот, околу тоа како да се сплотиме, да станеме посложни, во врска со учењето како да постигнеме сѐ, бидејќи имаме проблеми со некои предмети – предлага еден од учениците со кои разговаравме.

Тие, исто така, бараат професорите да го скратат времето за „непотребните“ работи и на часовите да отвораат повеќе социјални теми за дискусија.

**Калина Трајкоска**
**Ученичка во гимназија „Орце Николов“ Скопје**

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

# Математика може да се решава и со леснотија и страст

*Ана Воденичаровска и Владимир Бојаџи се двајца студенти-бруцоши кои на државната матура летово имаа најдобри резултати по предметот Математика, за кој велат дека решавањето задачи им оди со леснотија и им претставува задоволство*






„Кога обучувате деца, неопходно е да тежнеете кон тоа кај нив постепено да ги комбинирате знаењето со учењето. Изгледа дека од сите можни науки само математиката е способна во целост да го задоволи ова барање“.

Овој цитат од германскиот филозоф Имануел Кант е веројатно еден од омилените филозофски цитати на наставниците по математика и веројатно не постои професор-математичар кој не верува дека математиката е најдобриот и најкорисниот предмет кој еден човек може да го изучува.

За жал, во една генерација се ретки тие ученици кои би се согласиле со нивните наставници по математика. Напротив, токму овој предмет се наоѓа последен на листата омилени.

Меѓу оние ретките кои ја сакаат математиката и математичките проблеми ги решаваат со леснотија и страст, а не само затоа што мораат, се двајцата охриѓани: Ана Воденичаровска и Владимир Бојаџи.

Тие денес се студенти-бруцоши, Ана на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), а Владимир на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ).

Средно образование завршија во охридската гимназија „Св. Климент Охридски“, од каде што си заминаа како средношколци кои на државната матура за учебната 2017/2018 година имаа најдобри резултати по предметот математика.

- Зад секој успех стои напорна работа, па така и зад мојот успех стои работа -континуирано вежбање. Последната година од средното образование ја поминав во повторување на материјалот од претходните три години и паралелно учејќи го новиот материјал од четврта година. Се разбира, последниот месец беше најинтензивен – ни одговори Ана за тоа колку време се подготвувала за полагањето математика на државната матура.

Владимир, пак, вели дека за добри резултати се потреби и талент и континуирано вежбање. Пред матурата тој активно се подготвувал околу месец и половина.

Двајцата веруваат дека нивното знаење на математиката ќе им помогне многу во студиите кои, како што велат, ги одбрале бидејќи имаат допирни точки со оваа наука, но и затоа што сметаат дека со овие факултети имаат добра перспектива.

Ана вели дека не би можела да каже зошто ја сака математиката. Едноставно, вели студентката, таа била и сè уште ѝ е омилениот предмет.

Да решава математички проблеми на Владимир, пак, секогаш му претставувало задоволство.

- Заинтересиран сум за математика уште од основното образование, решавањето математички проблеми отсекогаш ми било интересно и никогаш не ми претставувало проблем, туку напротив, задоволство – вели студентот.

Ана и Владимир им кажаа „збогум“ на средношколските клупи во мај годинава. Ги прашавме и што најмногу ќе им недостига од средното училиште, но веројатно поради возбудата од новите почетоци, двајцата немаат многу време за да размислуваат за минатото, па кратко ни одговорија дека најмногу ќе им недостига дружењето.

## Иднината е наша, наша треба да биде и одлуката „каде во средно„



Образованието е најважниот сегмент од животот на човекот. Сè се учи додека човек е жив, додека чекори, мисли, посакува, сонува. Сите сме свесни за тоа. Се трудиме да живееме во чекор со новите модерни предизвици, да бидеме иновативни, оригинални, модерни. Но честопати таа наша младешка желба да бидеме поинакви од другите нè води во погрешна насока и разочарување. Образованието во нашето современо општество е такво какво што е, помалку или повеќе конзервативно и неинтегрирано. Учениците сè повеќе се незаинтересирани за наставните содржини, бидејќи истите се повторуваат од година во година. Кога станува збор за изборот на средно училиште, одлуката најчесто паѓа на она училиште коешто е модерно и елитно. Токму тоа се параметрите по кои се раководат новите средношколци. Да не ги изоставам и родителите, роднините, соседите и околината, сите со своите добронамерни совети, неисполнети сопствени желби и очекувања. А, каде сме во сето тоа ние? Каде сме во одлуката што сакаме да учиме и што сакаме да бидеме во животот?

Кога ќе ги тргнеме мислите и очекувањата на луѓето околу нас, кога ќе си ги слушнеме внатрешниот порив и сопственото срце, тогаш ќе ја донесеме најдобрата одлука. Можеби во нас постои нешто што го посакуваме, а не се трудиме да го оствариме затоа што не се вклопува во мозаикот на современата генерација. И така, лека-полека стануваме копии едни на други, занемарувајќи ги сопствените можности и желби. Ги оставаме да останат потиснати во нас, заробени во нашите мечти. Па можеби некогаш, некаде ќе го најдат својот излез.

Средното образование е важна одлука во животот, многу важна. Таа нè носи на патот кон нашето понатамошно образование или вработување. Затоа и одлуката мора да биде сериозна, промислена и пред сè наша. Наш е животот, наша е иднината и одлуките треба да бидат наши. Со одлуката да учиме во училиште само затоа што тоа училиште е на добар глас, стануваме пасивни набљудувачи на сопствениот живот. Сите сме мамини и татини најмили, но не сите имаме некого што секогаш ќе ни ја отвора вратата пред да дојдеме до неа. Факт е дека не можеме сите да бидеме исти, па затоа и треба да носиме сопствени одлуки. Некои училишта од година во година имаат сè помалку ученици, но не затоа што образовните профили се неинтересни и здодевни, туку затоа што едноставно се отфрлени од младата популација. Искрено сум горда на својата одлука што одбрав да учам во таков профил, техничар за дизајн на облека. Ја сакам уметноста, се пронаоѓам во креирањето, во дизајнирањето. Тоа сум јас. Јас не сум друг. Среќна сум што ќе го учам тоа што го сакам, а не тоа што другите го бараат од мене. Не можам да ја предвидам иднината, но го познавам својот дух и ги почитувам своите желби.

Ме охрабрува сознанието дека имам од кого да учам. Со сиот респект кон наставниците кои умешно го споделуваат своето знаење со нас. Едуцирани луѓе кои имаат желба да остават трага зад себе. А таа трага сме ние учениците. Со меѓусебна почит и разбирање и самиот воспитно-образовен процес би бил подобар и поефективен.

Започнуваме сите, и учениците и наставниците, а почетокот како почеток ветува нови предизвици и нови искуства. Од сите нас зависи исходот, но пред сè да се обидеме да го дадеме најдоброто од себе, каде и да сме, случајно или намерно, веќе сме таму каде што сме. Како за почеток, добра мисла и убав збор. Нема да погрешиме!

**Анастасија Стојковска, ученичка во СОУ „Перо Наков“ - Куманово**

## Време за сеење мозоци

Дали знаете кога е вистинското време за сеење мозоци? За да никнат квалитетни?

Не, не зборувам за крај на светот или за постапокалипса. Туку за реалната состојба на образовниот систем.

Почнувајќи од поговорката дека што си посеал тоа и ќе жнееш, нашиот образовен систем ништо не посеал, па за да го собира плодот. Жално е, затоа што овој процес кој е еден од најважните темели за опстанување на една држава, па и глобално, ние го третираме како алатка за понатамошна манипулација.

Навикнати се децата да ги влечат за нос наместо да им се отвораат очите. Исто како овци што само што ќе ја слушнат свирката на овчарот знаат каде треба да одат, но нам не ни се потребни овци што ќе ја следат свирката на овчарот, бидејќи најголема корист има овчарот, не овците. Со самиот свиреж им кажува каде тој сака да одат, а не каде тие би можеле да одат. Нема слобода на свое мислење и дејствување кога ви е ставен двоглед насочен кон само една дестинација.

Нè замислуваат како производ. Тој систем на фабрика што е воведен и се практикува, ни покажува дека не е битно што имате различни способности кога на крајот вие ќе бидете истиот производ. Кога ќе ја поминете фазата на преработка, ако имате недостатоци или дефекти ве обвинуваат вас, а не оние кои се грижеле за вас кога сте биле во фаза на оформување, оние кои требале да алармираат и да ве изградат како личности со морални вредности. Норвешка, чиј образовен систем се наоѓа на врвот, се фокусира кон среќата на ученикот. Се фокусира на менталното здравје и на критичкото мислење. Табу-темите се главни теми за разговор. Покрај тоа што секој учител е секундарен родител и психолог, тој е и другар. Таму нема никаква борба за оценување или, пак, децата да се форсираат на работи кои не им прилегаат, за разлика од кај нас каде што децата се запрашуваат уште од најмала возраст дали вредат помалку поради тоа што тој до него има поголема оценка или, пак, МОРА сите предмети да му „лежат на срце“. Не вреди. Во време каде што една диплома не може да ги определи моето знаење и моите способности, во време каде што со врски се добиваат оценки, во време каде што врсничкото насилство е секојдневие, во време каде што фокусот е ставен кон „интересните“ ученици, во време каде што партијата вложува напори за вработување - е баш во ваква време ние нема да успееме. Уназадуваме поради застарениот начин на учење, немањето мотивирани и креативни ученици, поради непотребните предмети за таа струка итн. Уназадуваме, бидејќи сме задоволни со второ или трето место од крајот на листата. Важно е што ние се удираме во градите дека сме најдобри, зашто така ни кажуваат медиумите, зашто така се платени да кажуваат, но ние навистина можеме да бидеме најдобрите само доколку образованието престане да се третира како играчка. Затоа дозволете, дами и господа, да ви помогнеме во процесот на креирање, и ние знаеме што би можело да се подобри за да не ја удираме главата упорно во ѕидот.

Вистинско време за сеење мозоци нема, но тоа не значи дека воопшто нема рок. Потребни ни се реформи, ама не брзи туку квалитетни. За да никнат квалитетни умови.

**Елена Савеска, ученичка во ОСЕУ „8 Септември“ - Тетово**

## Колку ни значат воншколските активности на нас средношколците?



Ако некој на нас средношколците би ни го поставил прашањето што да направиме нашите средношколски денови да изгледаат поинтересни, одговорот би бил: „Да имаме активности што се од наш интерес, надвор од школото“.

Кога имаме можност сите наши ставови, размислувања и емоции да се спојат, кога сите ќе бидат сериозно ангажирани и ќе дадат сè од себе – тогаш се раѓа љубов која, како во нашиот случај, ние ја нарекуваме „Свирложба“.

Станува збор за настан со кој на учениците во скопската гимназија „Никола Карев“ веќе седум години им се дава шанса на еден креативен начин да си ги искажат размислувањата и ставовите на одредена тема. Се пее, се глуми, се црта. Се дружи.

„Свирложба“ за мене претставува едно прекрасно и многу важно искуство на коешто секогаш ќе се сеќавам, пред сè затоа што се запознаваме и зближуваме меѓусебно, а воедно поминуваме низ еден неверојатен процес за да стигнеме до крајниот продукт.

Интересно е колку учениците се заинтересирани и ангажирани за нешто што се случува надвор од школските клупи, иако тоа навидум изгледа напорно и здодевно. Целиот ангажман околу „Свирложба“ бара многу посветеност и откажување од вообичаените рутини и начин на живот кои ги имаме ние средношколците, но истовремено ваквото дружење нè учи и на одговорност.

Сметам дека средните училишта треба да дадат простор и да тргнат во правец на организирање вакви настани. На нашиве простори секако дека има многу талентирани деца со кои треба да се работи, а овој е еден од начините да се направи тоа и да дојдат до израз нашите таленти.

**Сара Ташкоска, ученичка во СУГС „Никола Карев“ - Скопје**

## Коалиција за медиумска писменост

# Прирачник за медиумска писменост

Во тек е подготовка на „Прирачник за медиумска писменост за средношколци, за медиуми и за граѓански организации“. Автори се предавачи на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и на Институтот за различности во медиумите од Лондон кои ќе го завршат Прирачникот во октомври. Промоцијата ќе биде на завршната конференција во ноември.



## СОВЕТУВАМЕ:

# Како до добро видео со мобилен телефон?

На концерт си или, пак, си сведок на ситуација која сакаш да ја споделиш. Снимањето не е тешко, но еве неколку совети како твоето видео да личи попрофесионално.

Подготви се. Дај си барем една минута пред да снимаш. Види ја перспективата и испланирај дали цело време ќе снимаш од истото место.

Хоризонтала. Можеби е полесно да снимаш вертикално со една рака, но нема да изгледа добро на ТВ со црните линии отстрана.

Заднина (бекграунд).

Внимавај на задницата, особено ако си во движење. Држи го субјектот доволно близу за да не биде дефокусиран.

Агол. Употребувај различни агли за да изгледа видеото професионално. Истата сцена може да ја снимиш од различни агли, кои ќе ги споиш подоцна. Може да ти помогнат и апликациите како Муви директор про ( Movie Director Pro).

Не мрдај. Професионалците користат трипод, но како алтернатива може да користиш некоја подлога или, пак, - твоето тело. Рашири ги нозете во висина со рамениците и крени ги лактите за да имаш подобар став додека снимаш.

Звук. Биди доволно близу за да се слуша субјектот. Може да побараш помош од некој со друг телефон да го сними говорот, па при монтажа да се спојат двете снимки.

Апликации. Пробај ги бесплатните апликации со кои може да монтираш. Пробај ги Видео тулбокс, ФХ( Video Toolbox, FX). За почеток се доволни за да си ја испробаш креативноста.

# КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Конкурс за фотографија

„Сони ворлд фотографи авардс 2019“ (Sony World Photography Awards 2019) ги повикува сите млади фотографи на возраст од 12 до 19 години да учествуваат со своја фотографија на тема „Различности“ на светскиот натпревар за фотографија. Учесниците преку своите фотографии треба да покажат примери за различности. Победничката фотографија и десетте фотографии кои ќе се најдат на скратениот список ќе бидат дел од онлајн-кампањата и изложбата во Лондон на „Сони“. Победникот ќе добие фотографска опрема од „Сони“, како и платен престој во Лондон за изложбата. Пријавувањето трае до 4 јануари. Повеќе информации на: https://www.worldphoto.org/sony-world-photography-awards/youth.

### Конкурс „Интернационален постер за издигање на свеста за компост 2019“

Комитетот на Меѓународната недела за издигање на свеста за компостот ги повикува сите заинтересирани да се вклучат во Меѓународната недела за издигање на свеста за компост 2019 и да учествуваат на седумнаесеттиот по ред Годишен натпревар за постер на тема: „Кул д клајмет – компост“ (Cool the Climate - Compost!). Целта е преку постерот да се покаже поврзаноста помеѓу плодноста на почвата и климата. Победничкиот постер ќе се користи за промоција на Меѓународната недела за издигање на свеста за компостот 2019. Победникот ќе добие награда во вредност од 500 долари. Конкурсот е отворен до 5 ноември. Повеќе информации на http://compostfoundation.org/ICAW-Poster-Contest.

### Конкурс за пишување на новите медиуми

Школата за медиуми при Универзитетот во Бормут ги повикува сите заинтересирани да учествуваат со свој расказ, роман, документарен филм, слики, филм или анимација специјално направени за читање, гледање и споделување на Интернет преку компјутер, таблет или мобилен телефон. Критериумите се следните: иновациска употреба на новите (дигитални) медиуми, ефективна употреба на интерактивни елементи, лесна достапност за публиката, пример како можностите на новите наспроти традиционалните медиуми и потенцијал да допрат до пошироката публика. Победникот ќе добие награда во вредност од 1.000 фунти. За малолетните учесници е потребно одобрение од родител или старател. Рокот за пријавување е 30 ноември. Повеќе информации на http://newmediawritingprize.co.uk/enter/.

## СТРИП




Во соработка со Стрип Центар - Велес

Крстевска Теодора II-6 СОУ „Јосип Броз Тито“ Битола